В О В Е Д

Оваа книга е моја комплетна идеја, од запишување на првите зборови и реченици, превод на англиски јазик, до целосно компјутерско уредување на текстот и фотографиите.

Оваа книга ја отсликува мојата личност, со целото мое учење и знаење, кои сум ги собирал во мојата глава сите овие 70-ет години, најнапред во Лешок, како и во другите средини во Македонија и во светот.

Оваа книга за да изгледа вака, Јас, сум ги забележувал и меморирал лицата, предметите и настаните, уште како дете, а посебно кога почнав да одам на училиште и се дружев со соучениците од Мојата Генерација, кои сме родени 1949/50 година и со кои учевме во Основното училиште Кирил Пејчинович во Лешок во Школската 1956/57 до 1959/60 и во Осмолетката Кирил Пејчинович во Теарце во Школската 1960/61 до 1963/64

Секако дека ние се дружевме и со учениците од другите генерации, ги слушавме, учевме и се образовавме од нашите учители, а учевме и се воспитувавме од нашата потесна фамилија Спироски од Лешок и од други лица од Лешок и Полог и тие ќе најдат свое место во оваа книга.

Целокупното учење и знање на секој човек од раѓањето, па, се до крајот на животот се меморира во неговиот мозок од кое зависат и сите однесувања и активности на човекот.

Обично личноста ја гледаме во ликот односно главата, авторот-фотографот, од групните фотографии, направи портрет на секој ученик и учител.

Пред неколку години, од 1998 до 2006 година, бев во голема дилема, дали да градам куќа во Лешок, бидејќи така се случи од две куќи да останам без кров над глава или пак да седнам и да пишувам книги. Една македонска поговорка вели: *Секое зло за добро.*

Тогаш, Јас, се определив за книгите и така до 2010 година со помош на Господ, напишав три книги, кои се однесуваат за мојата фамилија и род Спироски и секако и за Лешок, моето родно село.

Така, пишувајќи ги книгите, Јас, и кога не бев во Лешок, пак бев во Лешок и немаше човек, ниту некоја сила, која ќе ме спречи, барем со мислите и во книгите да сум во Мојот Лешок.

Моето семејство, заедно со децата и со Господова помош, во 2006 година, купивме место во Лешок и подоцна изградивме куќа-викендица на Кале во Лешок, со што направивме услови за престој и одмор на моето семејство и моите пријатели.

Така, Јас, имав услови да бидам во Лешок, да уживам во природата и да продолжам да пишувам книги и текстови за Мене и Моето семејство, за Лешок и родниот крај, меѓу кои е и оваа книга, која ја посветив на Мојата Генерација. Но, иако имав услови за пишување книги, срцето и аортата многу се проширија и ако не беше д-р Жан Митрев со неговиот тим и посебно (пост оперативно) д-р Енвер Идоски од Клиниката во Скопје, јас не ќе можев да ја напишам оваа книга.

Книгата изобилува со податоци, стари мои и позајмени фотографии, потоа, со многу мои фотографии на кои има и датум, и мал дел се фотографии од Фото студио Ѓоровски од Тетово.
Со овој концепт на книга, од групните фотографии да направам портрет, потоа името и презимето, местото, времето и друго за секој ученик и учител, сметам дека ќе дадам мој придонес нашата Генерација да влеземе во незаборавот на деца родени или кои живееле во Лешок и Полог.
Некои велат: *една фотографија, илјада зборови*, а Јас би искажал моја мисла*: Секоја слика има своја приказна*. Оваа книга е полна со слики и со животни приказни на нашата Генерација ученици, но, и на други генерации од Лешок.
Но, тоа е животот, после нашата приказна, ќе дојдат нови животни приказни на нашите деца, внуци, правнуци, кои се фографирани во новите дигитални фотографии, мобилни телефони и објавени на разни Веб сајтови, Фејсбук, Вибер, Месинџер и др.
Ова е прва книга во Лешок, пишувана за Мојата Генерација ученици од Лешок, во која напишав податоци и внесов фотографии од првите ученички денови во Лешок, Непроштено, Теарце и другите села од Подгор и Шар планина.
Во книгата внесов посебно поглавие за пензионерските денови со запишување кратки податоци за секој мој соученик, а внесов повеќе мои фотографии во боја од Средбите на Генерацијата, кои ги направив со мојот фотоапаратот Сони.
Со цел да се разубави книгата, внесов мои фотографии во боја со мотиви од Лешок и Шар планина (пролет-лето и есен-зима).
Најискрено им се заблагодарувам на сите кои ми позајмија фотографии или ми дадоа некои податоци или сугестии, кои ги внесов во оваа книга.
Бидејќи располагам со многу податоци и фотографии за моите учители и моите соученици од основно одделение до факултет, одлучив да напишам втора книга за моите учители и моите соученици со кои учев во Лешок, Теарце, Тетово и Скопје и планирам оваа 2019 година да ја публикувам.
Оваа книга има вкупно 203 страни, од кои 145 страни со слики и 22 страни во документи и табели, еден дел е пишувана и на англиски јазик и на секоја страна е внесено 12-то зрачно сонце и крстот кои се вечни симболи на Мојата фамилија и род Спироски- Лалошои од Лешок и Македонскиот народ (стр.650-657-извор: ред. бр.1).
Оваа книга ја има во библиотеките во Македоија, во библиотеките во главните градови на Балканот и во 10-те градови најпознатите во светот.
Оваа книга, како и моите шест објавени книги и многу мои фотографии може да ги прочитате на Мојата Веб страна **www.spiroski.com.mk**
За било какви информации и податоци за оваа книга, за другите мои книги или ако Ве интересираат некакви информации за Лешок, може да се обратите на мојот **Email: spiroski@t.mk**

Лешок, 29 Септември 2019 Митко Поп Спироски